СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ
членка на NBG групацијата
На ваша страна

**ДО:** **Собранието на акционери на Стопанска банка АД Скопје**

**Предмет:** **Образложение и Мислење од Надзорниот одбор во врска со начинот на утврдување на дивидендата на приоритетните акции**

На ден 24.4.2026 година, имател на приоритетни акции достави иницијатива до Стопанска банка АД Скопје (во понатамошниот текст: "Банката") со која побара Надзорниот одбор да го образложи начинот на утврдување на дивидендата на приоритетните акции на Банката, особено во однос на примената на премијата од дополнителен проценентен поен (1%).

**Стандарди на добро корпортивно управување**

Надзорниот одбор, делувајќи во рамките на своите одговорности како надзорен орган, дефинирани согласно Законот за банки и интерните акти на Банката, а кој истовремено посветува особено внимание на важноста во поглед на транспарентен и конзистентен третман на правата на акционерите, го разгледа барањето на седница одржана на 5-ти мај 2026г.

Прашањата поврзани со правата кои потекнуваат од акциите на Стопанска банка АД - Скопје, вклучително и прашањето во однос на утврдувањето на дивидендата на приоритетните акции согласно одредбите од одлуките за издавање на акциите, Надзорниот одбор ги смета како особено значајни за Собранието на акционери, како надлежен орган преку кое се претставени сите акционери на Банката.

Оттаму, а со цел да се обезбеди јасност, правна сигурност и конзистентно разбирање на важечката правна рамка, Надзорниот одбор подготви Мислење и Образложение во врска со начинот на утврдување на дивидендата на приоритетните акции.

**Важечка правна и корпоративна рамка**

Имајќи предвид дека начинот на пресметката и исплатата на дивидендата на имателите на приоритетните акции има долгогодишна историја на воспоставена практика од страна на Стопанска банка АД Скопје, важно е да се истакне важечката правна и корпоративна рамка, односно:

- Собранието на акционери, согласно важечката правна и статутарна рамка, има исклучива надлежност да одлучува за прашања од доменот на правата кои произлегуваат од акциите на Банката,
- Основниот капитал на Банката, согласно Статутот, е поделен на 17.460.180 обични акции со номинална вредност од МКД 201,1 по акција, и 227.444 приоритетни акции со

Филип Втори Македонски бр. 6, 1000 Скопје, Република Северна Македонија | тел. 02 3295-295
SWIFT CODE: STOBMK2X | EMBS 4065549 | e-mail: sbank@stb.com.mk | www.stb.com.mk

номинална вредност од МКД 400.00 по акција. Споменатите приоритетни акции се запишани во Централниот депозитар на хартии од вредност како кумулативни приоритетни акции без право на глас, кои им даваат исти права на имателите, вклучително и право на гарантирана (фиксна) дивиденда.

- Приоритетните акции на Банката се издавани преку засебни индивидуални емисии во неколку наврати во текот на 90-тите години, врз основа на одделни одлуки за издавање донесени од страна на Собранието на акционери (понатаму: "Одлуки за издавање"). Оттаму, дел од имателите од истата класа на акции се стекнале со приоритетни акции врз основа на Одлуката за издавање (Одлука од 1991г.) со експлицитно утврдено право на гарантирана (фиксна) дивиденда утврдена во висина на каматата на средствата на штедните влогови и депозити на граѓаните орочени на 1 година зголемена за 1 (еден) процентен поен (премија), додека пак останатите иматели, кои исто така се дел од истата класа на акции, се стекнале со приоритетни акции врз основа на подоцнежни одлуки со кои дивидендата се утврдува во висина на каматата на средствата на штедните влогови и депозити на граѓани орочени на 1 година, зголемена за „соодветен процентен поен" утврден согласно со Одлуката за каматните стапки на Банката.
- Одлуките за издавање на акциите се во правна сила, не се изменети и се обврзувачки за Банката. Притоа, особено важно да се напомене е дека со подоцнежните одлуки за издавање на приоритетни акции не е извршена никаква измена на содржината на првонаведената одлука за издавање на приоритетни акции. Во таа смисла, сите иматели на приоритетни акции, без разлика дали акциите ги стекнале во време на нивното издавање или подоцна преку купување, ги имаат истите права утврдени согласно важечките одлуки за издавање.

**Образложение – 1 процентен поен како обврзувачки елемент**

Како што е познато на сите вклучени страни, Банката, согласно важечката правна рамка образложена погоре, а со цел да обезбеди истоветни критериуми за исплаќање на дивиденда, применува дополнителен процентен поен од 1 (еден) процентен поен во согласност со Одлуките за издавање и го следи истиот пристап конзистентно во текот на значителен период.

Банката има обврска да ги применува Одлуките за издавање како важечки корпоративни акти усвоени од надлежен орган (Собранието на акционери) преку кои се утврдуваат обврските на Банката кон нејзините акционери. Од тој аспект, имајќи предвид дека приоритетните акции од иста класа на акции даваат целосно идентични права на нивните иматели, споменатиот 1 (еден) процентен поен претставува единствен екплицитно утврден и конкретно определен параметар во однос на премијата во рамки на Одлуките за издавање и истиот претставува заеднички содржател во сите одлуки во однос на утврдувањето на дивидендата кој се применува на сите иматели на приоритетни акции ("*конкретно определена одредница*").

При одлучување во врска со дивидендата на приоритетните акции, процентниот поен 1 е правно обврзувачки за Банката во отсуство на последователни важечки одлуки кои го менуваат или заменуваат овој параметар.

Следствено на тоа, Банката ги применува обврзувачките услови од Одлуките за издавање и применува конзистентен параметар (1 (еден) процентен поен ) низ еден значителен период, со цел да обезбеди единствена и конзистентна практика, предвидлива и утврдлива дивиденда, како и еднаков третман на сите иматели на приоритетни акции (односно, не создава различни права во рамки на истата класа на акции).

Надзорниот одбор исто така посочува дека било каква измена на важечкиот начин на пресметка на дивидендата за приоритетните акции може да се направи само со формално-правна измена на релевантните Одлуки за издавање, измена на Статутот и со одлука на Собранието на акционери, со согласност на сопствениците од двата рода на акции со потребно мнозинство.

Во врска со гореспоменатиот начин на пресметка на дивидендата на приоритетните акции, Надзорниот одбор посочува дека и надлежните судови исто така имаат изразено свој став во конкретни судски постапки во врска со правата на имателите на приоритетни акции на Банката. Поконкретно, по барање на иматели на приоритетни акции, предмет на анализа пред надлежните судови беше и една од одлуките од 2019 г. која се однесува на начинот на пресметка и исплата на дивидендата на приоритетните акции (забелешка: оваа одлука е идентична со сите други одлуки усвоени во текот на претходните 20 години во врска со пресметката на дивидендата на приоритетните акции и примената на 1 (еден) процентен поен во формулата за пресметка). Во конкретниот случај, судовите во Република Северна Македонија, вклучително и Врховниот суд, изразија став дека одлуката за начинот на пресметка и исплата на дивиденда, каде се применува 1 (еден) процентен поен е донесена од страна на надлежен орган во законита постапка и истата соодветствува на правата загарантирани на имателите на таквите акции, директно реферирајќи на одлуките за издавање на акциите.

**Мислење на Надзорниот одбор**

Врз основа на горе споменатото, Надзорниот одбор смета дека постојниот начин на утврдување на дивидендата на приоритетните акции од страна на Банката:

- се заснова на доследна примена на важечките Одлуки за издавање на акции;
- обезбедува правна сигурност, предвидливост на дивидендата и еднаков третман на сите иматели на приоритетни акции; и
- го следи правилото дека правата на акционерите се дефинирани единствено согласно соодветни одлуки за издавање донесени од страна на надлежен орган (Собрание на акционери) и може да се менуваат единствено со измена на одлуките во рамки на постапка утврдена согласно закон.

СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ
членка на NBG групацијата
На ваша страна

**Во име на Надзорниот одбор**

_________________________

Г-дин Маринис Стратопулос,
Претседател